АЛЕКСАНДАР ЈОВАНОСКИ[1] 316.723-021.463(049.3)

# ОСНОВНИТЕ ТЕОРЕТСКИ ПОСТУЛАТИ НА КОМУНИТАРИЗМОТ


## АПСТРАКТ

Во доцните 70ти и почетокот на 80тите години од дваесетиот век, како опозиција и критика на новото реактуелизирање на Нео-Кантијанскиот либерализам и концепт за праведност - изложен во влијателната книга на Џон Ролс (1971) - на академската сцена се појавува нова теоретска ориентација - комунитаризам. Главните тези на комунитаризмот се изложени во неколку книги напишани од водечките заговорници како Мајкл Сандел, Алездер Мекинтаер, Мајкл Волцер, Чарлс Тејлор Амитаи Етциони и други автори кои понудија нова претстава за заедницата, како важна карика во животот на индивидуите.


**Клучни зборови**: заедница, комунитаризам, култура, себност, процедурална република, казна, награда и мултикултурализам.

## ПОЈАВА

Во мноштвото на интерпретации и толковни пристапи на ***комунитаризмот*** како филозофска парадигма и општествено движење, доминира уверувањето дека комунитаризмот е реакција на сериозната криза која ја има зафатено Западната нормативна политичка наука пред Ролс, а делумно и потоа. Ваквиот став го споделуваат огромен дел на автори-комунитаристи (М. Сандел, А. Мекинтаер, М. Волцер, Ч. Тејлор, Н. Розенблум, В. Галстон, А. Етциони, Д. Бел, МекДоналд, Босвел Ф. Селзник и многу други). Скоро сите горенаведени автори, своите комунитаристички/ републикански тези, ги напишаа во 80те години на XX век, а во најголем дел од содржината беа посветени на критиката на Нео-Кантијанските ставови изнесени во Ролсовата Теорија за Праведност (Theory of Justice 1971). Сепак постојат и автори кои појавата на комунитаризмот ја толкуваат како нужна реакција на „воспоставувањето на ***пазарниот индивидуализам*** како водечка глобална идеологија (после револуцијата во 1989 год; паѓањето на Берлинскиот Ѕид и колапсот на тоталитарните режими во Источна

[1] Авторот е асистент на Правниот факултет во Кичево

Европа и СССР)[2]. Според овие критики на доминацијата на либералната демократија по завршувањето на студената војна, овој западен модел во исходишниот резултат има разорно дејство врз заедицата и вредностите кои се следат во неа. Додека пак, подреденоста на останатите аспекти на човечкиот живот на профитот и трката за егзистенција, води кон растурен брак и семејство, незгрижени деца, напуштени родители и сл. (Tam, 1998)

Добар дел од комунитаристите, онтолошките основи на своите тези ги темелат на т.н. *заедничарски дел* од личноста на индивидуата (Етциони) или *ситуираната себност* (Сандел). Оправдувањето на ваквото потенцирање на комуналната вграденост на човечките тежненија и постапки, доаѓа до потполн израз при конфронтацијата со либералниот индивидуалистички (рационалистички) концепт за поединецот - неоптоварен од ниедна екстерна вредност или норма на било кој колективистички ентитет (заедница, црква, сродство, братство и сл.) Наспроти либералистичкото нагласување на слободата, интересот и праведноста, кај комунитаризмот постои една невообичаена посветеност на одговорноста кон заедничките добра.

> Незаедничарските делови на личноста се извори на креативност и промена во заедницата и индивидуалното изразување на личноста. Заедничарскиот дел на личноста е извор на ефективна психолошка стабилност и извор на индивидуални и социјални доблести". . . во сите заедници постојат центрифугални сили, кои настојуваат да ги оддалечат членовите од нивните општествено-пропишани улоги и должности кон нивните индивидуални проекти, и центрипетални сили кои настојуваат да привлечат што повеќе психичка енергија, време и ресурси во колективните тежненија (Etzioni, p.19)

---

[2] Надвор од академскиот интерес за заедницата, во последните 2-3 декади, забалежлива е раздвижноста и формирањето на „комунитаристички мрежи" со цел да се надминат граничните линии на политичките партии. Меѓу познатите политичари и јавни личности кои застанаа зад комунитаристичката теза, можат да се лоцираат имиња од целиот партиско-политички спектрум (левица десница): Рудолф Шарпинг од Социјал-демократите, Курт Биденкоф од Демо-Христијанската Партија и Јошка Фишер од Зелената Партија (Германија); Премиерот Тони Блер и лидерот на Либерал-Демократите Педи Ешдаун (Обединетото Кралство), потпретседателот и кандидат за претседател Ал Гор, и сенаторот Даниел Патрик Мојнихан од редот на демократите, додека од републиканците комунитаристички изјави имаат дадено сенаторот Алан Симпсон и поранешниот (државен – А.Ј.) секретар за Домување и Урбан развој Џек Кемп (САД). Некои автори го посочуваат и поранешниот претседател на СССР Михаил Горбачов како заговорник на комунитаристичките ставови со изјавата дека „светот (сега по 1989 год – А.Ј.) мора да погледне над индивидуализмот како одржлива алтернатива на авторитаризмот". (Tam. 1998:2)

Ваквиот обид за психологистичко објаснување на изворите на комунитаризмот според Етциони[3], води кон констатацијата дека основата врз која се гради оваа теоретска ориентација е изразито антилиберално настроена, додека во исто време, кај одредени комунитаристи (првенствено Мајкл Волцер) забележително е влијанието на левичарските марксистички премиси. Она што можеби е круцијалната разлика, што го одделува комунитаризмот од останатите колективни и холистички политички идеологии и теории - во прв ред од марксистичката парадигма - е фактот што авторите кои припаѓаат на овој академски ракурс, компаративните предности на заедницата **како форма за целосно и квалитетно искористување на човечките потенцијали, цели, интереси и тежненија не ја проектира во иднината** (како што е случајот со „революционарниот научен матерјализам односно марксизам и во кој согласно тоа, совршената **заедница** би се остварила во некоја подобра иднина *раководена од диктатурата на пролетеријатот*) туку ги лоцира во веќе познатите и споделуваните вредности и концепции за заедничко добро внатре традиционалните заедници. Генеалогијата, теоретизирањето, начинот на конструирање и функционирањето на ваквите заедници, допира до Аристотеловата глорификација на Античкиот *полис* како *koinonia politike.* (Јованоски, 2005: 34)

## ЗАЕДНИЦА

Во општествената наука и социјалната теорија, впечатлив е допринесот на различните типологии за формите (или рамките) на човечковото суштествување во просторот и времето. Формулирајќи критериуми за типологија и споредување на ваквите форми на организирање на општествениот живот, како споредување помеѓу „сегашноста со минатото“, во социолошката теорија *inter alia,* се познати дихотомиите: статус VS договор (Мејн) (во правните науки оваа дистинкција е позната со замената на теоријата за природното право со теоријата за општествен договор - А Ј); органицистичкото VS индивидуалистичкото (Гирке); *gemeinshaft* VS *geselshaft* (Тенис); механичко VS органско (Диркем); традиционално VS рационално (Вебер); село VS

---

[3] Етциони заедницата ја дефинира како *амалгам на ткивото на емоционално-оптеретените односи,* меѓу група на луѓе кои споделуваат посветеност кон одреден збир од заеднички вредности и обичаи, имаат заедничка историја и идентитет.(Etzioni, 1993) Современото реактуелизирање на заедницата во филозофските дебати, според него треба да го ревитализира и зајакне „духот на заедницата“, додека *одговорниот комунитаризам* би допринел за изнаоѓање на толку посакуваната рамнотежа помеѓу слободата и општествениот ред, помеѓу индивидуалните права и социјалните одговорности. Тоа во значајна мера објаснува зошто ваквото либерално влијание и акомодација, проектот за теориско стаблирање на комунитаризмот, Етциони го подразбира како дејност на ***комунитаристичките либерали***. (Etzioni, 1998)

метропола (Зимел) и примарна наспроти секундарна асоцијација (Кули) (Nizbet, 1999:86).

Тенисовата идеално типска претстава за **содружништвото** и **заедницата** како своевидна реперна точка - според најголем дел од авторите - најдобро го изразува контрастот на двете најреферентни аналитички перспективи за истражување на општествениот живот: *солидаристичката природа на општествените односи и интеракција во поранешните* (лице-во-лице и претежно неиндустријализирани) ***заедници***, наспроти *разновидните и имперсонални* (не-лични) *односи кои ги карактеризираат современите индустријализирани* ***општества / содружништва***. (Marshall,1998:96).

Во исходишните логики, тензичноста на дихотомиите, упатува на специфичното фаворизирање кон *заедничарењето со истите на себе* (заедница) или *здружувањето со сличните* (содружништво).

Околу полит-социлошката релевантност на заедницата, како категорија од појмовно-содржинскиот инструментариум на толковните пристапи и реконструкции, интересот за проучувањето на заедницата се провлекува во еден широк (темпорален) дијапазон, кој започнува со Аристотеловата глорификација на Античкиот ***polis*** како *koinonia politike,* преку авторитетите (Макијавели, Смит и др.) на средновековниот републиканизам, па се до современите реактуелизации кај конзервативецот Оукшот и републиканската теза на ***комунитаристите*** (1980ти и `90ти).

За Етциони - едно од највлијателните имиња на комунитаризмот - заедницата претставува пред се „споделен сет на поврзување или социјално ткиво, кое е различно од лице во лице врските".

*Социологијата на заедниците*, како посебна субдисциплина во рамките на Американската социолошка традиција е особено развиена, и во фокусот на сопственото научно истражување, ***заедницата*** и ***заедничарењето***[4] ги истражува во

[4] Рецепцијата и адаптацијата (помакедончувањето) на одредени термини кои се од особена важност при апсолвирањето на темите и концептите од Современата (Англо-Американска) Политичка Филозофија и Социологија, доста често наидуваат на несоодветен и контрапродуктивен превод. Таков е случајот со еден дел од најважните поими во рамките на теоретизациите на комунитаристите при што се јавува потреба од посериозно задржување на рецепцијата на следниве поими: society (содружништво) self (себност) cultural membership (членување во култура-најчесто територијално концентрирана и историски континуитетна) како и глаголската форма од community (заедница) т.е. ***заедничарење***. Што се однесува до Македонските Социолингвистички толкувања на овие и слични поими, правени се одредени пионерски обиди (На пример види во Корубин, 1994; Трајковски 1997) за научно интерпретирање на одредени концепти и поими. Од друга страна пак, надвор од академските кругови, значаен импулс кон разјаснувањето на интернационализмите приложува и црковната преведувачко-литературна традиција, која во последниве години паралелно со научната започнува да бележи се поизразен развој. Во тој правец одредени црковни автори (преведувачи - види за пример предговорот и преводот на Баталден 1997) имајќи ја предвид, пред се и над

„сите форми на поврзаност, кои се карактеризираат со висок степен на лична интимност, емоционална длабочина, морална посветеност, општествена кохезија и историски континуитет“. (Marshall, 1998:96)

Во оценките на современите социјални теоретичари, Тенис ја проучува заедницата како специфичен облик на организирање на човечките односи, „од погрешната страна на телескопот“. Тенисовиот, а со тоа може да се каже во добар дел и социолошкиот интерес за заедницата следи една посебна линија на развој, која се рефлектира во истражувањата на Урбаната односно Руралната Социологија. Целта на овој текст не е да го следи методолошкиот и теоретски развојот на овие социолошки дисциплини, туку да ги претстави стојалиштата и критиките на комунитаризмот, со примарна задача да го истражува идеалот за „посакуваната сразмерност помеѓу моќта во заедницата, нацијата и државата“. Поконкретно, основните ставови на комунитаристите - теоретичари кои се критички настроени кон либералите и либерализмот.

Комунитаристите се исто така заговорници на општествено уредување и начин на регулирање на расцепите во (плуралните) општествата, во кое како компаративна предност, се фаворизира претставата на индивидуите-членови на заедниците, цврсто поврзани и упатени меѓу себе, преку заеднички и споделени вредности, норми, правила и начин на живот. Всушност индивидуата во комунитаристичкото учење, претставува **инхерентно заедничарски детерминирано суштество, чии цели и тежненија се конфигурирани исклучиво според вредносниот систем и практиките внатре заедниците.**

## ЗНАЧЕЊЕ

Горенаведеното тврдење, дека најважните претставници на комунитаризмот, своите најважни дела ги имаат напишано по објавувањето на Ролсовата *Теорија на Праведност*, е со цел, да ја исцрпи критиката на неокантијанизмот (содржан во ова дело) и да посочи на *социолошката наивност* на двата принципи на праведноста како непристрасност. Таквата социолошка наивност, комунитаристите ја лоцираат во очекувањето и конструирањето на добро уреденото општество (well-ordered society) во кое индивидуите-агенти би се договориле за прифатливите принципи на праведност. Преку овој приговор тие, ја истакнуваат и

---

се, вредноста на концептот заедница (литургиска, есхатолошка заедница, *паства* и сл.) во нивните проповеди и современи црковни учења, предлагаат алтарнација на горепомнатото ***заедничарење*** во ***соборност***

реактуелизираат вредноста на заедницата во теоретските дебати наспроти пренагласеноста на слободата и еднаквоста.

Сепак и најекстензивното запознавање со развојните правци и аксиоми на комунитаризмот, можат да бидат контрапродуктивни и залудни, доколку не ја постават ***заедницата*** како предмет на теоретизирање во своите суштински карактеристики и најрепрезентативен спектар на димензии. Заедницата која комунитаристите ја подложуваат на сериозна анализа и критика, претставува специфичен и според добар дел особености, уникатен општествен феномен во однос на вернакуларната перцепција на било која заедница. Според Даниел Бел кристализацијата и дефинирањето на „суштинските заедници“ кои се локусна оска на комунитаристичката теорија, *vis-à-vis* останатите видови на човечко здружување и заедничарење се разликуваат според најмалку три работи:

- првата и можеби најочигледната е како одговараат на прашањето „кои се тие?
- суштинските заедници обезбедуваат широка позадина како начин на значајно размислување, дејствување и просудување, начин на суштествување во светот, кој е многу подлабок и помногустран од било која можна негова артикулација
- губењето на приврзаноста кон суштинската заедница се плаќа со цената да се биде отфрлен, во состојба на сериозна дезориентираност, кога се нема способност да се заземе отпор кон многу значајни работи. (Bell. 1993: 94,95,103)

Заедниците кои се карактеризираат со наведените својства, исто така можат да попримат три облици: **заедници според местото** - упатува на местото кое служи за идентификација како дома, односно заедници кои ги обликуваат луѓе родени и социјализирани во конкретна област; **заедници според сеќавање** - создадени преку споделената свест за заедничкото минато и историја **и јазично засновани заедници** како трета форма на суштински заедници.

Најважната придобивка од појавувањето на комунитаристичката теоретска ориентација како придонес во современата политичка социологија, според добар дел од авторите, лежи токму во портретирањето на *суштинските заедници*, т.е. во <u>есенцијалистичките премиси</u>. Овој есенцијализам ќе даде значаен импулс во појавувањето и отелотворувањето на либералниот плурализам т.е либералниот мултикултурализам. Либералните плуралисти прифаќаат дел од критиките на комунитаристите, со што ќе создадат теорија за либерален мултукултурализам. Попрецизно, либералните плуралисти

прифаќаат дека, клучните критики на комунитаристите адресирани до либерализмот: (1) вредноста на себноста; (2) атомизмот; и (3) универзализмот (претензијата за универзална апликативност на либерализмот) се одржливи, односно дека суштинските заедници се неодминлива алка во остварувањето на индивидуалните цели, како и тоа дека во значаен дел веќе постоечките и прифатени тежненија внатре заедницата и претходат на индивидуалната себност. Имајќи го предвид комунитаристичкиот аксиом за културната детерминраност на индивиудуата и потребата од вметнување на културата/заедницата како заначаен интермундиум и неизбежен дел од односот **индивидуа-држава** (кој сега добива една карикативна форма индивидуа-култура/заедница-држава) тие ке понудат концепт за мултикултурна граѓанственост (*multicultural citizenship*) што според одредени толкувања значително ја надминува тенката граница на индивидуалистичката димензија на правата за одржување, заштита и промовирање на културната партикуларност. Одредени автори (Џоел Ојстрах и Бери на пример) ценат дека ваквото атерирање и вградување на комунитаристички ставови во основата на либералниот мултикулутрализам, води кон истиснување на индивидуалистичката основа на човековите права за културен развој, за сметка на колективистичката димензија која ја адресира групата како право-носечки ентитет.

## ПОЗНАЧАЈНИ ПРЕТСТАВНИЦИ И ОСНОВНИ ТЕОРЕТСКИ СТОЈАЛИШТА НА КОМУНИТАРИЗМОТ

Помеѓу авторите кои пишуваат и ја следат современата Политичка Филозофија, може слободно да се констатира дека преовладува ставот кој комунитаризмот како сигнификантна филозофска струја од '80те години на XX век го детерминира како производ на Англо-Американската (конзервативна) мисловна традиција. Според тоа, потеклото и академскиот хабитат на најзначајните имиња на комунитаризмот: Мајкл Сандел (САД), Мајкл Волцер (САД) Алездер Мекинтаир (Шкотска), Чарлс Тејлор (Канада) како и Даниел Бел, Амитаи Етзиони, Ненси Розенблум (САД) само ја потврдува горенаведената констатција. Овие автори појавувајќи се на дебатната сцена, добар дел од своите ставови ги градат како критика на непотполната Ролсова *теорија за праведност,* во прв ред приговарајќи му за наивноста и непристојната универзална апликативност на неговите аксиоми - особено неговата *социолошки наивна* интерпретација на добро уреденото општество (well ordered society). Судирот на идеи и концепти кој се оцртува помеѓу овие два тима[5] ќе даде значаен

[5] Чарлс Тејлор еден од корифеите на комунитаристичката мисла, на целата дебата фрла по се едно поинакво светло. Имено Тејлор дава контроверзно толкување во

придонес во развивањето на подоцнежните теории за *мултикултурната и диференцирана граѓанственост*.

Во текстот направен е обид, синтетичики да се претстават најзначајните секвенци на комунитаристичкото учење и истите да се поврзат со социолошките разгледувања на заедницата преку учењата на позначајните социолози. Дел од прашањата и проблемите кои се од централен академски интерес на комунитаристите ги покриваат следниве теми: природата на себноста (Мајкл Сандел и Мекинтаер); (не)потребноста од концептот за праведност во одржувањето и функционирањето на животот во заедницата; блиската поврзаност и преплетеност на моралната филозофија со политичката филозофија и повторното враќање на *казната* и *заслугата* како значајни полуги на животот во заедницата - најочигледна во еклектичниот пристап на Алездер Мекинтаер ; деконстриурање на дотогашната претстава за системот на општествена редистрибуција, и истакнување на институтот членување во културата (*cultural membership*) - Мајкл Волцер; и критика на базичните принципи на процедуралниот либерализам и општествената теза на Чарлс Тејлор.

Индивидуалистичката концепција на либерализмот за себноста како својство иманентно на рационална и егоистичка индивидуа, е под удар на критиката на комунитаристите Сандел и Мекинтаер. Според овие двајца претставници на комунитаризмот, секоја дискусија за индивидуалните цели, интереси и вредности завршува со фактот дека „ *и после се, приказната на мојот живот, секогаш е вградена во приказната на оние заедници од кои јас го изведувам мојот идентитет*“-курзив А.Ј. (Мекинтаир. 1998: 290).

Сандел својата комунитаристичка теза ја гради на ставот дека, „себноста не им претходи, туку е конститруирано од целите, со што е невозможно да се разграничи *јас* од *моите цели*“ (Kymlicka. 1995a: 51) Целта на ваквиот став е да докаже дека „атомистичките толкувања на заедничкиот живот во општеството се поврзани со сосема различни сфаќања на себсноста и идентитетот“ (Tejlor. 2000: 159) при што е невозможно повикување на сет од универзални интереси и цели, кои според либералните теоретичари, се својствени за целото човештво. Главното подвојување се случува помеѓу „ситуираната“ и „неоптеретената себност“ (*unencumbered self*). Аксиомата се состои во уверувањето дека:

---

кос во редот на либералите - односно во *тимот Л* - ги вбројува Ролс, Дворкин, Нејгел и Скенлон, додека себеси (на општа зачуденост на многумина кои го сметаа за комунитарист) не се смета за дел од комунитаристите (заедно со Сандел, Мекинтаер и Волцер). (Taylor.1989)

> нашите најдлабоки самоперцепции, секогаш подразбираат некакви мотивации, а дека некои цели се создадени од себноста, потврдува фактот дека нашата себност е длабоко проткаена со комуналните практики, кои го детерминираат нашиот избор на цели. (Sandel 1982: 94)

Мекинтаер претставува еден од најдоследните и најцитирани автори-комунитаристи. Неговата *теорија за моралноста* е втемелена на она што тој го нарекува ***емотивизам*** - тврдење дека „нема и не може да има важечки рационалистички оправдувања за било какви ставови, според кои постојат објективни безлични морални стандарди" (Мекинтаир. 1998: 31). Од особен интерес е податокот дека Мекинтаир, емотивизмот го претставува како исклучително производ на тековната Англо-Американската мисловна традиција, и дека неговата содржина можела да биде разбрана само од исклучителни умови на континентално-Европските мислители какви што биле Ниче и Сартр, кои ја имале и таа способност да му се приклонат (Мекинтаир. 1998: 34).

Мекинтаир претставува уште еден од редот на теоретичари, кои ја истакнуваат потребата од надградба на утилитаризмот преку Мил-овото проширување на „концепцијата која ги оправдува постапките и политиките кои резултираат со најголема можна среќа за најголемиот можен број" . Како што акцентира Макинтаир, Мил за разлика од Бентам почувствувал неоходност од расцепувањето на унитарноста на утилитаризмот, преку градација на *пониски* и *повисоки задоволства.* Но и покрај тоа, Мекинтаир изнаоѓа уште една потешкотија во утилитаризмот, кога ги критикува сите варијанти на утилитаризмот - вклучувајќи го тука и интуицизмот - за неможност да понуди интегрална концепција за општествена моралност и праведност. Оттука следува дека Миловата фрагментација на утилитаризмот на *пониски* и *повисоки задоволства* не ја надминува утилитаристичката немоќ за разликување помеѓу *внатрешните* и *надворешните добра* на секоја пракса (Мекинтаир. 1998: 261). Самите *внатрешни* и *надворешни добра* се взаемно неспоредливи. Современата либерална концепција за општествена праведност, со пренагласувањето на рационалната индивидуа како субјект, ги докинува старите вредности на традицијата и заедницата. Оттаму Ролсовата и Дворкинова теорија „ги протеруваат" доблестите (една од клучните категории на Мекинтаир-овата теза) од концепцијата за добро на заедницата. Ваквото резонирање - смета Мекинтаир - за последица го има отсуството на наградите и казните како критериум за отелотворување на споделени вредности на (политичката/јавна) култура внатре заедниците. Во темелот на општеството на Ролс и Дворкин се наоѓаат рационални индивидуи со „личен интерес кои, дури потоа мораат да се

здружат и да формираат заеднички правила за живеење“ (Мекинтаир. 1998: 329). Во нивните анализи за општествената праведност и неправедност - според Мекинтаир - индивидуите (нивните интереси) секогаш му претходат на општеството. Напротив, комунитаристичката (анти)теза оценува дека *inter alia,* наградите и заслугите се значајна полуга на животот во заедница, и тие го катализираат процесот на втопување на *доброто на човекот* со *доброто на заедницата,* преку аспирациите за постигнување на моралното заедништво, социјална кохезија и општествената праведност. Реалното отелотворување на овој комунитаристички идеал, Мекинтаир (како и најголемиот број комунитаристи) го лоцира во Аристотеловиот приказ на античкиот *polis* како *koinonia politike.*

Аристотел во неговото дефинирање на преференцијалното добро, кон кое стреми човекот, препознава доблести кои се длабоко вградени но и детерминирани од *praksis*-от на градот како заедница. За највисоко и најценето човечко добро се смета **евдајмонијата** (добро во однос на себеси и во однос на божественото).

> Државата е заедница на градовите и селата во совршен и самостоен живот . А тоа пак, како што рековме, е - блаженото и убавото живеење. Значи треба да се постави , дека државната заедница е токму заради добрите дела, а не само заради соживотот. Оттука на оние кои придонесуваат најмногу за таквата заедница - ним учеството во државата им припаѓа повеќе, одошто според слободата и родот на еднаквите.(Аристотел, 2006:106)

Најефикасниот пат за стекнувањето на ова добро е развивањето на доблестите:

> Поставувајќи го ова прашање треба да се има на ум инсистирањето на Аристотел дека доблестите си го наоѓаат своето место, не само во животот на индивидуата, туку и во животот на градот и дека индувидуата е навистина интеглибилна само како *зоон политикон.*
>
> Последнава забелешка укажува дека еден од начините за разјаснување на врската помеѓу доблестите, од една страна, и моралот на законите, од друга страна, би се состоел и во преиспитувањето на она што се случува кога се воспоставува заедница за достигнување на некаков заеднички проект, за остварување на некакво добро што е прифатено како заедничко добро од страна на сите оние кои учествуваат во тој проект.“ (Мекинтаир. 1998: 201)

Тука е можно да се појави една дилема, имено како е можно да се обликува политичка заедница, во која ултимативната вредност е евдајмонијата, а притоа да не биде разбранувана од различните концепции за преференцираното добро. Очигледно е дека е потребен висок степен на взаемно познавање и признавање. Аристотел за тоа има решение, ***пријателствувањето*** како доблест е *condition sine equa non* на успешното функционирање на политичката заедница, во чии рамки се одвива мрежата односно интеракцијата внатре „мали групи на пријатели".

> Пријателството треба да го замислуваме како учество на сите во заедничкиот проект на создавање и одржување на животот на градот, споделување што е вградено во непосредните пријателства на определената индивидуа (Мекинтаир.1998:208).

Американецот со еврејско потекло Мајкл Волцер, е уште ден од авторите-комунитаристи, кој своите стојалишта ги темели врз Аристетоловата глорификација на Античкиот polis како *koinonia politike.* За него важи истата оценка како и за најголемиот број комунитаристи - своето највлијателно дело „Подрачја на правдата" (Spheres of Justice 1983), во најголемиот дел претставува критика на Ролсовите либерално-рационалистички ставови, изнесени во *Теоријата* . . . 1971. Квинтесенција на неговите стојалишта, претставува обидот ***да ја деконструира*** дотогашната претстава за општествената редистрибуција. *Diferentia specifica* во однос на либералните натегања - за улогата и местото на заслугите во животот на заедницата и неоходноста од споделените и комунално- вградени значења на општото добро - претставуваат незаобиколивите три начела, потребни за ефективна општествена праведност: *слободната размена, заслугата и потребата*[6]. Трите критериуми и начела „се дел од приказната" и ниеден од нив „нема важност која се простира врз целот опсег на распределбата" (Volcer. 2000: 47). Примарно добро кое се распределува е „**членувањето**" во некоја човечка заедница, во прв ред политичките заедници. Членувањето е многу значаен фактор, бидејќи од него зависат многу нешта, во прв ред дали некој ќе подлежи на третман на рамноправен или странец, дали и како неговиот статус ќе допринесува за пропулзивноста и пристапот кон користењето на јавните и општи добра и сл. За Волцер дилемата е разрешена: во денешниот свет постојат и *треба да* постојат странци и рамноправни, следствено на тоа тој ги отфрла како либертаријанизмот (состојба во која сите би биле странци, а со тоа не би постоел основ за членување во било каква заедница), така и социјализмот (состојба во која сите би биле

[6] Својствено за комунитаристичката терминологија, трите атрибути се дадени во сингуларна форма, што претпоставува *сепроткајувачки ентитет* како неопходен хомогенизирачки фактор (заедницата).

членови на некаква комунистичка држава, во која би се изгубила потребата од некаква распределба) како неостварливи стојалишта. Причината поради која смета дека би требало повторно да се разгледаат политиките на населување и натурализација е разликата која со текот на времето станува многу битна за секое мигрантско општество. Имено тоа е разликата, која во светлото на современите процеси на глобализацијата и масовната миграција, постои помеѓу првата и следните генерации на мигранти - помеѓу доселениците (странци во политичкиот простор) и децата (нивните потомци во времето) (Volcer. 2000: 65). Ваквото подвојување во Волцеровата теорија, зборува за неговиот сензибилитет во однос на политичката тежина, која лежи во разликата помеѓу *jus saiquinus* и *jus solis*.

Волцер го заговара современиот облик на остракизам, односно, ако на античките метеци им биле ускратени сите политички права, истото треба да се случи и со современите мигранти *работници-гости*. Одредени држави, овој проблем го разрешуваат со формирање на „регрутни центри" во земјите од каде се очекува најголем прилив на мигранти. Во тој поглед - смета Волцер - многу е важно „работниците кои се примаат треба да бидат гости, а не доселеници кои бараат нов дом и ново државјанство"(Volcer. 2000: 92). Државата како политичка заедница - посебен вид на човечка заедница - во чии рамки приемот и исклучувањето се посебно значајни, особено имајќи предвид дека се однесуваат на независноста а оттаму и на суверенитетот. Без овие механизми, според Волцер, нема да постојат ***заедниците според карактер*** како историски и трајни форми за поврзување на луѓето.

Распределбата на службите или привилегиите од членувањето во политичката заедница, подразбираат право на граѓанственост. Волцер ја препознава важноста на овој статус, и тоа дека граѓанственоста (правно обезбеден статус на политички партиципаторна индивидуа во јавните работи и добра) е „предуслов за сите други статуси и улоги" Луѓето, поточно *не-граѓаните* и *не-членовите* немаат право за манифестирање на аспирации кон овие служби. Оттука следи дека неговата теорија за општествена и политичка праведност, се однесува исклучиво на ***граѓаните***, мнозинството односно автохтоното и доминицилно население - носител на сите легално загарантирани права на граѓанственост. Таквата ситуација на подреденост помеѓу признаените и непризнаените, помеѓу автономните и не - автономните и зависни членови на заедницата, ја инхибира идејата за „демократска граѓанственост" чии постулати во корен се одвоени од секаков вид на хиерархија.

Последниот од редот на големите комунитаристички имиња е Чарлс Тејлор[7]. За овој автор е интересно, што самиот себеси не се смета за претставник и заговорник на комунитаризмот, а сепак неговата теорија за „демократското одлучување" претставува надоградба на Санделовите стојалишта за *процедуралната република* и *неоптеретената себност*. Како мета на неговите критики се издвојуваат апстрактноста на утилитаризмот, деонтлошките основи на (реактуелизираниот Ролсов) неокантијанизам, воедно се она, под што Тејлор подразбира „процедурален либерализам". *Процедуралниот либерализам* претставува типичен опозит на републиканизмот и означува вид на уредено општество или заедница, во кои отсуствува заедничка и споделена концепција за добрата и целите меѓу членовите.

Тејлор е еден од ретките комунитаристи, кои му придаваат големо значење на процесот на изградба на нацијата. Имено тој ја отфрла Гелнеровата аксиома за „совпадливост на политичката и национална единица“ (Tejlor.2000: 114), како потполно утопистичка замисла. Како алтернатива, Тејлор конструира еден доста комплексен ремедиум за поинклузивна и партиципаторна политичка заедница која вклучува

> демократска коегзистенција на „различните заедници, која би почивала на вредноста на индивидуалните права и законски процедури со гаранција на правата на малцинствата, притоа без било какво преговарање за некаков *компромисен поли тички идентитет*“ (курзив А Ј)(Tejlor. 2000: 115).

Тука доаѓа до израз широчината на тејлоровата концепција бидејќи, таквата рамка, која ги избегнува конфликтностите сепак е либерализмот. Во исто време тој нуди можност да се изнајде начин за одлучување на проблеми кои се од заеднички интерес за членовите, но - без да прифати или поттикне конфликтност на едно стојалиште наспроти друго, или на една сеопфатна доктрина наспроти друга. Баферот на либерализмот, сепак - дури и за еден комунитарист (од калибарот на Тејлор) - овозможува најефикасно заобиколување на општествениот конфликт помеѓу вредностите на две различни и спротивставени концепции за општото добро на заедницата.

[7] За разлика од позицијата на либералите во тековната дебата со комунитаристите, комунитаристите одат чекор понатаму, кон институционално и организациско заокружување на нивната концепција и теориска позиција. Како што предочува Даниел Бел (Bell, 1993) во зимскиот број (1991/92) на списанието *Responsive Community*, од страна на 50 потписници-следбеници на комунитаризмот, потпишана е „*Одговорна Комунитаристичка Платформа: Права и одговорности*" на 14 страници содржина. Индикативен е фактот дека помеѓу овие 50 потписници, ги нема имињата на ниту еден од најважните (претходно спомснати) комунитаристички автори: Мекинтаир, Сандел, Волцер и Тејлор.

Атрактивноста на ваквата „***процедурална република***“ иако претставува привлечен ремедиум за фрагметаристичките примордијални лојалности на различните културни, т.е. етнички „заедници според идентитет“ според Тејлор може да претставува „единствен модел на заеднички живот во демократските држави, и кој обезбедува задоволителен пристап во сите контексти“, само доколку има потврден одговор на следниве две прашања:

> Прво, услов за успешен политички идентитет е луѓето да мораат да бидат во состојба да се однесуваат кон него, во него да го видат својот одраз. Но, понекогаш одржувањето на некој историски, културен идентитет е толку важно за одредена група, што избегнувањето на најмалата негова промена во нашиот одговор на прашањето „за што служи?“, може да ја оттуѓи таа група. Заштитата и унапредувањето на нивната „посебност“, не може да не постои во заедничкиот идентитет на Квебек како политички ентитет, во канадската федерација или надвор од неа.
>
> Второ, процедуралниот пат претпоставува дека неутралните процедури мора јасно да се разликуваат од вистинските цели. Но всушност е многу тешко да се смисли процедура која сите би ја сметале за неутрална. Смислата на процедурата, повелбата на правата или на дистрибутивните принципи е тоа што се очекува да не навлезат во лизгавиот терен на суштинските разлики во начинот на живот.“(ibid.)

Тејлоровата „републиканска (анти) теза“ ги поврзува патриотизмот - како „силна граѓанска идентификација со некое заедничко добро“- и слободата - сфатена не во негативна смисла, туку како активна партиципација во јавниот живот. Бидејќи „либералниот процедурализам“ не подразбира единствена заедничка концепција за доброто на заедницата, ја нема ниту онаа неопходна кохезиона сила, која би ги обединила патриотизмот и слободата, а според тоа и самиот атомизам не може да претставува извор на граѓанска лојалност. Како таков, тој и е субординиран на „републиканската (анти)теза“, на истиот оној начин на кој теоретскиот (правно-компензаторски) модел на либералите му е субординиран на комунитаристичкиот модел за *граѓански потенцијал*, во практиката.

Огромното влијание кое Сандел го има извршено врз Тејлоровите теоретски стојалишта, е забележително во оценката дека

> либералната општествена наука, која го избегнува фактот дека токму способноста за избор на добро кое се посакува и следи е, нужно детерминирана од интеракциите и односите со другите „единствено во содружништвото“ е всушност „социолошки наивна

> наука“ И тоа социолошки наивна, најмалку барем во однос конзервативниот функционализам, феминистичката анализа на родот и марксистичката класна теорија. (Kymlicka. 1995a:74)


## ABSTRACT

In the late ‘70es and `80ties of twenty century, as an opposition and critique to new reinvention of Neo-Kantian liberalism and concept of justice - exposed on very influential book John Rawls Theory of Justice 1971 - on the academic plateau, were appeared a new theoretical orientation so-called communitarianism. The major thesis of this theory were expressed in several books written by leading advocates as Michael Sandel, Michael Walzer, Alasdair McIntyre, Charles Taylor, Emitai Etzioni and many more conservative authors, that offered a new reinvention of community as very important media in individual lives.


## ЛИТЕРАТУРА


Аристотел, (2006): Политика, прев. Маргарита Бузалкова-Алексова и Елена Џукеска, Слово, Скопје

Баталден С. К (1997): Преиспитување на традицијата. Прев. Љупчо Спасовски, Култура, Скопје

Јованоски А (2005): Граѓанственоста во плуралните општества: Нормативна Англо-Американска општествена теорија и правно политички искуства, Фз. Ф Скопје, необјавен магистерски труд, мимограф

Корубин Б. (1994): Македонски историосоциолингвистички теми, Матица Македонска, Скопје

Мекинтаир А. (1998): По доблеста, прев. Драган Јакимовски, Табернакул, Скопје

Трајковски И (1997): Граѓанско Содружништво, ГОЦМАР, Скопје

Bell D. (1993): Communitarianism and Its Critics, Clarendon Press, Oxford

Etzioni A. (1993): The Spirit of Community: Rights, Responsabilities and the Communitarian Agenda, New York

Etzioni A. (ed)(1995): NEW COMMUNITARIAN THINKING: Persons, Virtues, Institutions and Communities University Press of Virginia, Charlottesville and London

Etzioni A. (1998): The Essential Communitarian Reader, Oxford University Press, citirano vo Momin A.R. (2004)

Galston W (1995): Two Concepts of Liberalism in Ethics Vol 105/3 p. 516 – 34, цитирано во (Kymlicka (ed) 2000)

Kymlicka W. (1995a): Liberalism, Coomunity and Culture, 2nd ed. Clarendon Press, Oxford

Kymlicka W. (1995b): Multicultural Citizenship: A Liberal Theory of Minority Rights, Clarendon Press, Oxford

Kymlicka W. (2002): Contemporary Political Philosophy: An Introduction, 2nd ed. Oxford University Press, Oxford

Larmore C (1987): Patterns of Moral Complexity, Cambridge University Press, Cambridge citirano vo (Kymlicka (ed) 2000

Marchal G (ed) (1998): A Dictionary of Sociology, 2nd ed. Oxford University Press, Oxford and New York

Miller D. (1989): In What Sense must Socialism be Communitarian? _Social Philosophy and Policy 6/2 p.51-73_, цитирано во (Kymlicka 2000 ed)

Nizbet R (1999): Konzervativizam: san i stvarnost, prev. D-r Đurica Krstić, CID, Podgorica

Rawls J. (1971): A Theory of Justice, Oxford University Press, цитирано во (Kymlicka W (ed) 2000)

Rawls J. (1993): Political Liberalism, Columbia University Press, New York

Sandel M. (1982): Liberalism and The Limits of Justice, Cambridge University Press, Cambridge

Sandel M. (1984): The Procedural Republic and the Unencumbered Self во _Political Theory Vol.12/1_ p.81-96

Tam H. (1998): COMMUNITARIANISM: A New Agenda for Politics and Citizenship New York University Press, Hong Kong.

Taylor C. (1989): Sources of the Self: The Making of the Modern Identity, Cambridge University Press, Cambridge

Tejlor Č (2000): Prizivanje Građanskog Društva, Beogradski Krug, Beograd

Volcer M. (2000): Područja Pravde, prev. Ilija Vujačić, Filip Višnjić, Beograd

* * *

Александар Јованоски (роден 1978 во Скопје) е Магистер по Социолошки науки и докторант по социологија на политика. Во Декември 2005 година на Филозофскиот Факултет во Скопје на Институтот за Социологија ја одбрани магистерската теза ГРАЃАНСТВЕНОСТА ВО ПЛУРАЛНИТЕ ОПШТЕСТВА: Нормативна Англо-Американска општествена теорија и правно-политички искуства.